ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-231/2
**Дата:** 31.01.2020

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18) и член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година и бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-231/1 од 31.01.2020 година, со предлог на избор на кандидат за секое од работните места по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-139/2 од 24.01.2020 година, доставен од Комисијата за селекција за унапредување на државни ревизори формирана со решение заведено под број 04-150/1 од 27.01.2020 година, на ден 31.01.2020 година, Главниот државен ревизор донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на осум (8) кандидати за унапредување на работно место раководител на одделение - помошник раководител на ревизија во Државниот завод за ревизија**

1. **По интерниот оглас бр. 139/2 од 24.01.2020 година, се избираат следните кандидати:**

   - Кандидатот **Татјана Димитровска** се избира за Помошник на раководителот за ревизија на Народна банка и носители на законодавната и извршната власт, судството, Јавното обвинителство и Државното правобранителство, Народниот правобранител и Агенцијата за администрација и други органи на државна управа, во Одделение за ревизија на народна банка и носители на законодавна и извршна власт, судството, јавното обвинителство и државното правобранителство, народниот правобранител и агенцијата за администрација и други органи на државна управа, во Сектор 1 за ревизија на субјекти од законодавната, извршната власт, органите на државната управа, ЈП кои вршат јавни работи, одбраната, јавната безбедност, судството, јавното обвинителство и државното правобранителство, шифра РЕВ0101Б04

   - Кандидатот **Билјана Арсовска Андонова** се избира за Помошник на раководителот на ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија и органите кои извршуваат финансиски и фискални работи, субјекти од областа на одбраната и јавната безбедност, Државната изборна комисија, политичките партии и јавни претпријатија кои вршат јавни работи, во Одделение за ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија и органите кои извршуваат финансиски и фискални работи, субјекти од областа на одбраната и јавната безбедност, Државната изборна комисија, политичките партии и јавни претпријатија кои вршат јавни работи, во Сектор 1 за ревизија на субјекти од законодавната, извршната власт, органите на државната управа, ЈП кои вршат

јавни работи, одбраната, јавната безбедност, судството, јавното обвинителство и државното правобранителство, шифра РЕВ0101Б04

- Кандидатот **Марина Блажевска** се избира за Помошник на раководителот на ревизијата за ревизија на субјектите од областа на образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, ЈП и агенција од областа на спортот, ЈП од областа на урбанизмот и градежништвото, во Одделение за ревизија на субјектите од областа образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото, во Сектор 2 за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија и трговски друштва од областа, образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото и локалната самоуправа, шифра РЕВ0101Б04;

- Кандидатот **Петре Гаврилов** се избира за Помошник на раководителот на ревизијата за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија, трговски друштва од областа, локалната самоуправа, Градот Скопје, општините и јавни претпријатија на локално ниво, во Одделение за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија, трговски друштва од областа, локалната самоуправа, Градот Скопје, општините и јавни претпријатија на локално ниво, во Сектор 2 за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија и трговски друштва од областа, образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото и локалната самоуправа, шифра РЕВ0101Б04;

- Кандидатот **Соња Камбовска** се избира за Помошник на раководителот на ревизијата за ревизија на здравството (буџетски корисници и единки корисници, органи на државната управа, јавни здравствени установи и други организации кои вршат здравствена дејност) животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, во Одделение за ревизија на здравството (буџетски корисници и единки корисници, органи на државната управа, јавни здравствени установи и други организации кои вршат здравствена дејност), животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, во Сектор 3 за ревизија на субјектите од областа на трудот и социјалната политика, работните односи, пензиско и инвалидско осигурување, здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, правда и казнено поправни установи и ЈП од областа, шифра РЕВ0101Б04;

- Кандидатот **Добринка Весковска** се избира за Помошник на раководителот на ревизијата за ревизија на животната средина, просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, правда и казнено поправни установи и ЈП од обласа, во Одделение за ревизија на субјектите од областа на трудот и социјалната политика, субјекти од областа на работните односи, пензиско и инвалидско осигурување, правда и казнено поправни установи, и јавни претпријатија од областа, во Сектор 3 за ревизија на субјектите од областа на трудот и социјалната политика, работните односи, пензиско и инвалидско осигурување, здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, правда и казнено поправни установи и ЈП од областа, шифра РЕВ0101Б04;

- Кандидатот **Росица Шалевиќ Христовска** се избира за Помошник на раководителот на ревизијата за унапредување на ревизијата и за систематизирање на резултатите од ревизијата, во Одделение за унапредување на ревизијата и за систематизирање на резултатите од ревизијата, во Сектор 4 за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди, шифра РЕВ0101Б04;

- Кандидатот **Калиопи Петковска** се избира за Помошник на раководителот на ревизијата за следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди за врховните ревизорски институции, во Одделение за следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди за врховните ревизорски институции, во Сектор 4 за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди, шифра РЕВ0101Б04;

2. **Изборот на кандидатите од став (1) од оваа Одлука е извршен врз основа на** Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-231/1 од 31.01.2020 година, со предлог на избор на кандидат за секое од работните места по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-139/2 од 24.01.2020 година, доставен до Главниот државен ревизор од Комисијата за селекција за унапредување на државни ревизори формирана со решение заведено под број 04-150/1 од 27.01.2020 година.
3. **Именуваните кандидати од став (1) ќе бидат унапредени на работните места по конечноста на оваа Одлука.**
4. **Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со член 69 став (3) и став (4) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр.01-290/1 од 19.04.2017 година и бр.01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Годишниот план за вработување за 2020 година на Државниот завод за ревизија бр.01-735/1 од 30.12.2019 година, за кој е добиена претходна согласност од Министерство за финансии бр.08-112/7-2 и претходна согласност од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-346/2 од 15.01.2020 година, и Известување за обезбедени финансиски средства за унапредување од Министерство за финансии бр.18-609/2 од 14.01.2020 година, дадена по барање согласност за унапредување на Државниот завод за ревизија бр.04-44/1 од 13.01.2020 година, објавен е интерен оглас за унапредување заведен под број 04-139/2 од 24.01.2020 година.

**Со оглед дека согласно член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, а врз основа на поднесениот Извештај со предлог за унапредување работодавачот е должен да донесе Одлука за избор во рок од три дена, главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука. Распоредувањето на избраните кандидати на секое од работните места ќе се изврши по конечноста на оваа Одлука.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: м-р Александар Поповски